Синдикатите основачи на Конфедерацијата на слободни синдикати, во согласност со Декларацијата од 23.07.2005 година и Изјавата објавена од Иницијативниот одбор за формирање на Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија, на основачкиот Конгрес на Конфедерацијата на слободните синдикати на Македонија одржан на 28.12.2005 година ја усвоија следната

## ПРОГРАМСКА ДЕКЛАРАЦИЈА

1. Конфедерацијата на слободни синдикати на Република Македонија (во натамошниот текст: КСС) е организација која ја предводат идеалите на демократијата, човековите права и социјална правда. Сакаме да создадеме синдикално движење кое ќе остварува одлучувачко влијание врз историските процеси и текови за воспоставување на социјална, правна и праведна држава, со крајна цел-остварување на слободно, демократско и богато општество.

2. КСС ќе се бори со сите расположиви сили да се маргинализира и укине квазисиндикализмот во Република Македонија и од синдикалната сцена да се симнат корумпираните синдикати кои тежат врз грбот на работниците.

3. Ние ќе се бориме за вистински и реален третман на работничкиот труд во сите негови економски и социјални аспекти. Во рамките на својата моќ и надлежност, во социјалниот дијалог секогаш ќе го поставуваме основното прашање, колку во Република Македонија се вреднува чесниот, квалитетен и креативен труд и колку тој дава придонес за економскиот и стопанскиот развој на земјата. Силно ќе се заложиме низ механизмите на фискалната и економска политика да се сопре натамошната концентрација на делот од доходот и националното богатсво во рацете на молубројните граѓани, на сметка на работниците и средните социјални слоеви. Ќе се бориме да се открива и санкционира корупцијата и спрегата помеѓу бизнис групации и одредени структури во власта кои во крајна линија ги осиромашуваат работниците и го запираат развојот на земјата.

4. На национално и локално ниво ќе бараме ККС да се вклучи во социјалниот дијалог. Склучувањето и примената на колективните договори се императив од кој нема да отстапиме

а натамошната пракса на несклучување, непримена или нивно откажување повеќе нема да го толерираме. За колективните договори ќе се бориме со сите средства, вклучувајќи ги и штрајковите на солидарноста.

5. КСС во социјалниот дијалог ќе бара систем на праведни и стимулативни плати за работниците во кои ќе доминираат јасни критериуми за наградување на совесниот, квалитетен и креативен труд. Преку утврдување на најниската плата и систем на плати според колективниот договор ќе бараме да се оствари овој систем на вреднување на работничкиот труд при што ќе промовираме плати кои редовно ќе се исплатуваат и ќе имаат реален пораст согласно на порастот на трошоците на живот; порастот на продуктивноста на трудот, добивката и личниот придонес на работникот. Надоместоците на плати исто така да се третираат како функционален дел од платата.

6. Во работното законодавство ќе се спротивставиме работните односи посебно флексибилниот работен однос утврден во Законот за работни односи да има решенија под историски остварените работнички права и под вредностите и стандардите утврдени со меѓународните конвенции за трудот. Ќе бараме измена на сите законски решенија кои флексибилноста на работниот однос ја третираат исклучиво како пазарна категорија без механизми на работно-правна заштита.

7. Во рамките на социјалниот дијалог и трипартизмот ќе застапуваме становишта кои овозможуваат: создавање економски амбијент за реален пораст на животниот стандард; обезбедување на здрави и безбедни услови за работа и еколошки здрава природна средина; ефикасно решавање на проблемот на невработеноста и работно-правна и социјална заштита на работниците во случај на невработеност; поттикнување и развој на мали и средни претпријатија, поголемо субвенционирање во земјоделието, остварување на поголеми инфраструктурни проекти и сл. со цел пораст на вработувањето и поголеми приходи на населението; создавање даночн систем и придонеси со најширока социјална функција; системско создавање економски амбијент за “опстанок“ на нашите претпријатија на меѓународните пазари преку континуирано вложување во човековите ресурси (низ формалното и применливо образование) и стопански амбијент во кој инвеститорите нема да бидат привлекувани само преку ефтината работна сила и нерегулирани работни односи кои овозможуваат лесен профит туку економско и правно

окружување врз база на стабилни и модерно уредени индустриски односи.

8. КСС ќе бара во заштитата на работата стриктно да се применуваат законските прописи во оваа област при што ќе соработува со соодветните инспекциски служби. Треба да се сопре натамошниот тренд на раст на професионалните заболувања, повредите на работа, боледувањата итн. кои се израз на негрижата на државата и на работодавците за заштита на здравјето. Во рамките на достоинството на трудот, ќе дејствуваме работникот да биде заштитен од дискриминација, вознемирување и малтретирање на работното место и ќе се организира не само правна заштита туку и психолошко-социјална помош.

9. Здравјето е основно човеково право и КСС ја нагласува одговорноста и должноста на државата во оваа област. Секогаш ќе укажуваме дека ефикасната политика во здравствената заштита не смее да се мери само преку “заштеди и рестрикции“ во здравствените фондови туку да има мерки и во превенцијата и ефикасното лекување. За КСС здравствената заштита не е исклучиво профитабилна дејност туку е основно човеково право кое не смее да зависи од финансиската моќ на работникот.

10. Во пензиското и инвалидско осигурување треба да продолжат реформите врз формирање и работа на трите пензиски фондови кои врз основа на конкурентност и профитабилност ќе обезбедуваат сигурност на пензиските примања. Ќе се преземат и посебни активности за решавање на проблемите сврзани на долгогодишните неисплатени социјални придонеси за пензиското и инвалидското осигурување и решавање на социјалниот статус на овие работници.

11. Работно-правната заштита КСС ќе ја остварува преку едуцирање и стручно оспособување на синдикалните активисти и преку основање на правни канцеларии во кои ќе се дава бесплатна правна помош и заштита.

12. Во профилирање на својата организација ќе се тргнува од тоа дека во масовното членство е снагата на Синдикатот. Во таа смисла ќе се преземат организациски мерки со цел афирмирање и придобивање на нови членки и членови и да се афирмира и зацврсти довербата на членството во КСС. Ќе се формира децентрализирана мрежа на регионални центри со цел помагање и едукација на синдикалните активисти за унапредување на колективното договарање, правната заштита, комуникација со членовите и

привлекување на нови членови и за други прашања од интерес на синдикатите.

13. КСС ќе дејствува без влијание и доминација на Владата, работодавците, политичките партии, религиозни и други идеолошки групации кои имаат цел да ја ослабат синдикалната практика. Во однос на политичките партии КСС ќе ја чува својата самостојност и независност со тоа што нема да склучува предизборни спогодби за соработка со политички партии и нема да дава било каква подршка на партии пред, во текот и по изборите на органите на власта, на централно или на локално ниво.

14. КСС ќе соработува со демократски синдикални организации од целиот свет со цел размена на синдикални искуства во инплементирање на меѓународните признати стандарди на трудот, остварување на слободата на синдикално здружување и остварување на правото на колективното преговарање.

15. КСС ќе преземе и други активности кои ќе имаат за цел да се мобилизираат сите креативни и способни потенцијали во земјата бидејќи прашањето на развојот е прашање на зедништвото на интересите на сите социјални слоеви. КСС ќе биде конструктивен фактор во социјалното партнерство при креирањето на оваа политика.